# ОДГОВОР

**на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Вршителот на должноста директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје на ден 05.03.2015 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-226/5.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на **препораката под реден број 1** која е поврзана со утврдената состојба на точката 1.1. а се однесува на преземање на потребни активности од страна на надлежните органи на управување и раководење за изменување и дополнување на Статутот и донесување на Правилник за организација на работа и систематизација на работните места со целосен опис на работните задачи и соодветна организациона поставеност, согласно постојаната законска регулатива и подзаконски акти **претставува известување** за преземените активности од надлежните органи и активностите кои ќе бидат преземени од страна на клиниката. Имено законскиот застапник известува дека во тек е изготвување на модел на Статут на Јавните здравствени установи од страна на Министерството за здравство, при што Универзитетската клиника по добивање на наведениот модел ќе пристапи кон изготвување и донесување на статутот на ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија. Во делот на потребата од донесување на Правилник за организација на работа и систематизација на работните места законскиот застапник на клиниката известува дека по добивањето на согласност за статутот од Министерството за здравство, Универзитетската клиника ќе пристапи кон негово донесување.